

# РЕТРОСПЕКТИВНА ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА

# 40 години

# ЛиКОвна КОлонија

# "Куманово"








































## ЛИКОВНА КОЛОНИЈА "КУМАНОВО"
## -40 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ-

Во денешно време, кога сме соочени со феноменот на формирање на голем број нови ликовни колонии или работилници, успешното егзистирање на кумановската (покрај најстарите- прилепската и струмичката) е од особена важност. Ликовната колонија "Куманово" има долгогодишна традиција. Оваа година одбележа еден значаен јубилеј–40 години од своето формирање, со што се вброи во редот на најстарите ликовни манифестации во Републиката. Од првата креативна средба, одржана 1974 година во конаците на манастирот Св. Прохор Пчињски (иако неколку пати поради познатите општествено-политички промени ја менуваше локацијата на одржување) до ден денес, колонијата бележи континуирана активност. На тој начин не само што ја докажа потребата од своето постоење, туку ја потврди и довербата на Министерството за култутра, како и доследноста и упорноста на организаторот (Н.У. Музеј–Куманово и општина Куманово), во креирање на нешто што значи надкултурен настан.

Ликовната колонија "Куманово" стана важен дел во градењето на културниот идентитет на градот, а резултат на нејзината продуктивна активност е Збирката на ликовни дела која секоја година се повеќе и повеќе се зголемува. Оваа збирка во сопственост на Н.У. Музеј од Куманово, заедно со последните продукции (2012-2013), ја надминаува бројката од 650 слики и скулптури. Претставува еден логично хетроген и богат спој на ликовни изрази, сензибилитети, стилски конотации и идеи; одраз на голем креативен потенцијал и продуктивен квалитет кој авторите- учесници, го "наталожија" во изминативе четири децении. Богата и по својот квалитет и квантитет, колекцијата содржи дела, создадени од веќе потврдени и афирмирани автори во ликовната јавност, но и дела од помлади автори со сè уште недоискажани ликовни ставови и поетики, кои токму преку ваквата форма на креативни средби доаѓаат до еден вид повисок степен на наобразба (во вид на искуство), во нивното понатамошно ликовно градење. На колонијата гостувале автори како од Републиката, така и од скоро сите земји во светот. Значајно е да се напомене разликата во културното наследство на уметниците-учесници, која и дава зачин и арома на Колекцијата. Од една страна, преку делата, таа ги сублимира разликите во културниот идентитет на уметниците, но од друга страна ја потврдува и универзалноста на ликовниот јазик кој не познава граници, територии, нации и етникуми. Создадените дела и по својот плуралистички ликовен израз, но секако и по своите високи естетски резултати во подинечните достигнувања, претставуваат своевиден придонес на нашата денешна ликовна уметност. Особено се издвојуваат делата на светски реномираните уметници: Денис Бовен од Велика Британија и Паоло Чампини од Италија; како и делата на познатите и признати автори од Р. Македонија: Борко Лазески, Ванчо Ѓорѓиевски, Ана Темкова, Веле Ташевски, Кирил Геговски, Нове Франговски, Ди-митар Малиданов, Рубенс Корубин, Зоран Јакимовски и многу други. Сите тие уште од почетокот ги поставија високите стандарди и особената селективност во изборот на квалитетни групи на умет-ници кои зеле и ќе земат учество во годините што следат.

Колонијата, како модус за креативни ликовни средби во кои создавањето ја има примарната цел, освен што овозможува размена на ликовни искуства и знаења, нуди и можност за размена на сликари со други ликовни колонии од Републиката, но и надвор од неа. Со тоа не само што на уметниците им овозможува директно запознавање со современите текови и новини во светската уметност, туку гради и мостови на пријателство и ги доближува едни до други.

Во денешно време на сè поголема отуѓеност, деперсонализација и развој на компјутерската технологија и виртуелната реалност, ликовната колонија "Куманово" претставува вистински предизвик за бегство од современиот живот. Се одржува секоја година во месец август во меморијалниот центар АСНОМ во селото Пелинце недалеку од градот. Инспиративниот амбиент на Козјачието, мирот и тишината далеку од цивилизацијата, е доживување кое на секој учесник му отвара посебни рецептори во креативниот процес на градењето на едно дело. Во сосема спонтана сликарска атмосфера, уметниците, во десетдневното дружење создаваат дела во кои се вткаени отисоците од чудесната атмосфера на селскиот амбиент и прекрасната природа. Највеќе се чувствува рефлексијата од посетата на мегалитската опсерваторија Кокино, црквата Св. Ѓорѓи во с. Старо Нагоричино (споменик на културата од XIV), како и од другите археолошки локалитети, цркви и манастири во непосредна близина на градот. Уметниците, магијата и сензацијата од посетата на овие места ја транспонираат во своите веќе изгра-дени и препознатливи ликовни иконографии. Со творечка сло-бода, во дијалог со платното, бојата, планините, водата, сонцето и земјата, настанатите дела ги носат белезите на амбиентот и атмосферата во чии прегратки се раѓаат.

Ликовната колонија "Куманово" го негува принципот на традиционалните ликовни изразувања, главно сликарството и скулптурата. Иако во чекор со новите текови во уметноста, со сигур-ност е една од оние сликарски колонии, која во време на се понапредните и понови електронски медиуми, во време кога се повеќе се актуелни поинаквите (веќе и не така нови) трендови во уметноста (видео-артот, перформанасот, инсталациите...), во кои преовладува технолошката слика, ја чува автономијата на сликарството и чисто естетско–етичкиот карактер на уметноста.

Одбележувањето на овој значаен јубилеј за нас е само уште еден повод, но и обврска да продолжиме со исто темпо и да ја потврдиме смислата на нејзиното долгогодишно постоење.

Драгана Спасковска, историчар на уметноста

Издавач: Национална установа музеј-Куманово
За издавачот: Анита Цветановска
Организација: Драгана Спасковска
Дизајн: Милена Богдановска
Печати: Графотекс-Куманово
Тираж: 350, Куманово 2014

Министерство за култура
на Република Македонија

МУЗЕЈ КУМАНОВО

Градоначалник и Совет
на Општина Куманово